Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за управување со човечки ресурси и информатичка технологија

тел. 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk
тел.02/2785-462
coveckiresursi@kiselavoda.gov.mk

Бр.04-6537/11
од 16-07-2025 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 10 и член 52 став 1 и став 5 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр.275/19 ,бр.14/20, бр.215/21 и бр.99/22), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас 14/2025

1.За извршител на работно место **Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината – 1 извршител,** со шифра на работно место **УПР0101Б02000**, се избира кандидатот **Александар Велков.**

2.Именуваниот кандидат ќе биде унапреден на работното место од Точка 1, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за унапредување на административен службеник.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-6537/6 од 14.07.2025 година, а во врска со Интерен оглас бр.14/2025 за работното место Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината, изготви Записник од административната селекција бр.04-6537/8 од 16.07.2025 година и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен заради спроведување на интервју бр.04-6537/9 од 16.07.2025 година. Согласно Записник од административната селекција бр.04-6537/8 на огласот единствен пријавен уреден кандидат е Александар Велков. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-6537/9 Комисијата во состав на записниот изготви и финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог Одлука за избор на прво рангираниот кандидт. Врз основа на приложената документација, а согласно член 52 став 1 од

Закон за административни службеници се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната на институцијата.

**Изработил**
Помошник раководител на Сектор
Милена Ѓоргиевска

---------------------------

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Кисела Вода**
**Орце Ѓорѓиевски**

Доставено до:
- Именуваниот
- Интернет страната на Општина Кисела Вода
- Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ
- архива